**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за планирање и уредување на просторот** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Раководител/Пом.раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Претставник од Сектор за планирање и уредување на просторот** |

# ПРЕДЛОГ - РАЗВОЕН ПЛАН
# ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАМЕТНО ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 2024 - 2026 ГОДИНА

**Скопје, септември 2024 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 7 од Законот за комунални дејности (Службен весник на Република Македонија бр.95/12, 163/13 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.302/20“), Советот на Град Скопје на __________седница, одржана на _________2024 година, донесе

**РАЗВОЕН ПЛАН**
**за изградба и одржување на паметно јавно осветлување на улици во надлежност на Град Скопје за период 2024 - 2026 година**

## 1. ВОВЕД

Со овој Развоен план се утврдуваат активностите за изградба и одржување на паметното јавно осветлување на магистрални и собирни улици во надлежност на Град Скопје, обемот и динамиката на извршувањето, како и начинот на финансирање.

Магистралните и собирните улици во надлежност на Град Скопје се дефинирани согласно Генералниот урбанистички план на Град Скопје.

Во рамките на своите надлежности Градот Скопје врши:

- Изградба на осветлување на сите објекти финансирани од страна на Град Скопје (сообраќајници, плоштади, мостови, кејови и друго) како и илуминација на спомен обележја, фасади и др.
- Одржување на јавното осветлување на магистралните и собирни улици и на јавното осветлување на Скопската тврдина Кале, мостовите, плоштадите, градските паркови, парк-шумите на подрачјето на Град Скопје, водните и спортско-рекреативните зони- Кеј на р. Вардар, Градски плажи, илуминација на спомен обележја, фасади и др.

## 2. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Изградбата на јавното осветлување подразбира:

- обезбедување на согласности за приклучување на новоизграденото јавно осветлување на електродистрибутивниот систем и

реализација на согласноста, за што согласно важечката законска регулатива надлежен е АД ЕВН Македонија;

- изработка на проект за осветлување на конкретната сообраќајница во кој се дефинирани сите потребни работи и материјали за изградба на јавното осветлување, како и нивото на осветленост кое се димензионира да ги задоволува постојните меѓународни стандарди и препораки;
- вршење на ископи за поставување на потребните кабли за напојување на секој извор на светлост за јавно осветлување, затрпување и заштита на кабелот, како и поставување на заштитно заземјување;
- изработка (бетонирање) на темели за поставување на столбовите за јавно осветлување;
- набавка, транспорт и монтажа на столбови за јавно осветлување, конзоли (лири) и светилки согласно изработениот проект;
- набавка, транспорт и монтажа на сензори и контролери;
- поставување на инсталации во објектите кои се илуминираат и светилки за илуминација на фасадите;
- поставување на инсталација, светилки и рефлектори за илуминација на фасадите и спомен обележјата;
- испитување на целокупната инсталација, мерење на нивото на осветленост, мерење на заштитното заземјување и изработка на проект на изведена состојба.

Одржување на јавното осветлување на магистралните и собирни улици на подрачјето на Град Скопје подразбира:

- замена на сите елементи што се составен дел на столбно место за јавно осветлување (прегорени сијалици, пригушници, игнитори, арматури, стакла, кабли и други материјали);
- демонтажа и повторна монтажа на оштетени столбови од јавно осветлување, комплет со изработка на темел и каблирање;
- -замена на прегорени осигурувачи, подесување или замена на расипани вклопни часовници во разводни ормани или полиња за јавно осветлување во постојни трафостаници;
- санирање на дефекти и замена на оштетени делови во разводни ормани што служат за напојување на јавното осветлување или илуминација;
- санирање на оштетен кабел за напојување на јавното осветлување, комплет со ископ, затрупување и заштита на кабелот;
- други активности поврзани со исправно функционирање на јавното осветлување.

## 3. ОБЕМ И ДИНАМИКА НА АКТИВНОСТИ

### а) Обем

Изградбата на паметното јавно осветлување се врши на сите објекти финансирани од страна на Град Скопје (сообраќајници, плоштади, мостови,

кејови, градски паркинзи и сично), како и илуминација на спомен обележја, фасади и друго, возависност од планираните проекти и средства во Буџетот на Град Скопје, како и од решенијата предвидени во проектите за изградба.

Одржувањето на паметното јавно осветлување се врши на магистралните и собирни улици, мостови, плоштади, парк-шуми, градски парк, водни спортско-рекреативни зони и Скопската тврдина вклучувајќи ги сите столбни места, светилки и енергетски објекти (разводни ормани за напојување или поле за јавно осветлување во одредени трафостаници) во надлежност на Град Скопје.

Управувањето на паметното јавно осветлување, илуминацијата и адаптивното димирање се одвива преку платформата паметен град согласно метеоролошките и сообраќајните услови, а врз база на претходно зададени планови или мануелно дадени команди од страна на овластено лице, према потребите на градот.

Палењето и гасењето на јавното осветлување и илуминација се одвива согласно усвоениот календар, а истото се спроведува со вклопни часовници, фото –релиња или во поново време со астрономски дигитален регулатор со астрономски програм.Имајќи ги предвид карактеристиките на регулаторот –уредот го има предвид намалувањето/зголемувањето на ноќта во текот на годината на секоја географска локација точно до минута и автоматско подесување на зимско/летно време, се предвидува, во соработка со ЕВН АД Македонија, постапно вградување на овие регулатори на сите мерни места.На овој начин ќе се оствари заштеда на потрошената електрична енергија од јавното осветлување.

**б) Динамика**

Активностите за изградба на паметното јавно осветлување и илуминација се извршуваат сукцесивно, во зависност од динамиката на изградбата на конкретниот објект (сообраќајница, мост, плоштад, кеј, спомен обележје, фасада и слично).

Активностите за одржување на паметното јавно осветлување и илуминација се извршуваат сукцесивно, согласно месечните потреби и врз основа на точно утврдените описи определени во налогот за работа.

По издаден налог се врши контролна обиколка на сите магистрални и собирни улици, паркови и други инфраструктурни објекти и врз основа на утврдени дефекти се издава налог за санација на истите. Податоците за видот и количината на извршените активности и вградени материјали се утврдуваат со градежна книга потврдена и одобрена од надзорниот орган определен од Градот Скопје.

Освен редовните неделни налози, во случај на потреба, се вршат и вонредни интервенции на отстранување на дефекти.

## 4. ФИНАНСИРАЊЕ НА РАЗВОЈНИОТ ПЛАН

Финансирањето на планот се врши преку буџетот на Град Скопје, односно наплатените средства од комунална такса за јавно осветлување.

Средствата обезбедени преку комунална такса согласно Законот за комунални такси („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15, 23/16 и Службен весник на РСМ бр.151/21.) се користат за потрошената електрична енергија како и за одржување односно изградба на паметното јавно осветлување. Наплатата на таксата ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка. Со одреден процентуален сооднос утврден во Законот овие средства се составен дел на Буџетот на Град Скопје, односно на буџетите на општините на подрачјето на градот.

## 5. ИЗВРШУВАЊЕ НА РАЗВОЈНИОТ ПЛАН

Извршител на активностите за изградба на паметното јавно осветлување и илуминација се избира согласно Законот за јавни набавки, за секој објект чиј инвеститор е Град Скопје. За секој новоизграден објект кој се финансира од страна на Град Скопје, се спроведува посебна постапка за избор и се објавува посебен јавен повик.

Извршител на активностите за одржување на јавното осветлување и илуминација е најповолниот понудувач избран врз основа на јавен повик со кој се склучува договор.

## 6. НАДЗОР

Надзор над спроведувањето на овој Развоен план врши Градоначалникот на Град Скопје преку Секторот за планирање и уредување на просторот.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Развоен план влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број ________

_________2024година

С к о п је

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ,

Трајко Славески

Образложение

Со член 36 од Законот за локалната Самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје.

Согласно член 7 од законот за Комунални дејности (Службен весник на Република Македонија бр. 95/12), единиците на локалната самоуправа се должни да донесат Развојни планови за период од три години.

Финансирањето на Развојните планови е предвидено во Буџетот на Град Скопје, соодветно за секоја година од планот.

Јавните претпријатија задолжени за реализација на активностите од овие планови носат свои годишни програми кои ги одобрува Советот на Град Скопје.

Заради наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да го усвои Развојниот план за изградба и одржување на паметното јавно осветлување на улици во надлежност на Град Скопје за период 2024 – 2026 година.